СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Бр.08-370/60

29.01.2021 година

Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 51-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 29..01.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 51-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 19 советници.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Колеги само уште проверка да не направиме грешка. Идеме редоследно ги читам советниците вие треба присуството да го потврдите .

РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова

МИРЈАНА ГРКОВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: М-р Горица Пеливанова Вилхем

М-р ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова

ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука

**РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева**

**ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов**

**РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев**

**МИТКО КАМЧЕВ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Каракутова Гинова**

**АНИТА КАРАКУТОВА ГИНОВА: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Душица Крстиќ**

**ДУШИЦА КРСТИЌ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова**

**БОЖАНКА МИНОВА: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Тони Нешковски**

**ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Драганчо Николов**

**ДРАГАНЧО НИКОЛОВ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов. Тука. По телефон го слушнав.**

**Ташо Радњански до мене. Ристо Сакалиев.**

**Јосо Стојанов**

**ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев**

**БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука**

**РИСТО САКАЛИЕВ: Никола Трендафилов тука.**

**Лазар Туриманџов.**

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Тука .**

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 50-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден **16.12.2020 година**.

Дали има забелешки по Записникот од 50-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 50-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

Има ли против? Нема. Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 50-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

**Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година (4-ти Квартал);
2. Предлог-Одлука за утврдување на изгледот на фасади на колективни станбени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци;
3. Предлог-Одлука за ко-финансирање на Проектот,, Реконструкција на водоводна линија за краци на улица ,,Илинденска,, крак на улица,,Маршал Тито,, со асфалтирање;
4. Предлог-Одлука за ко-финансирање на предлог регионален проект,,Инсталирање на мерни станици за СМАРТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО за општините Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија" ;
5. Предлог-Одлука за давање согласност за спогодбено раскинување на Договор за набавка на моторни бензини и дизел гориво бр.19-5189/8 од 01.12.2020 година;
6. **Предложената точка 6 СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред и Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам**

**дополнување на дневниот ред за денешната седница со точка - Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите Општина Кавадарци**;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е за или против?Има ли против?
Нема едногласно за .

**Констатирам дека усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка 6 - Годишен Извештај на единиците на локална самоуправа за напредокот на состојба со еднаквите можности за жените и мажите Општина Кавадарци.**

7. **Предложената точка 7 СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред и Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница со точка - Локален акционен план и програма на Комисијата за родова рамноправност за 2021 година .**

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на Дневен ред.

Има ли воздржани и против? Не. Едногласно за .

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка 7 -Локален акционен план и програма на Комисијата за родова рамноправност за 2021 година;

8. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2020 година ;

9. Извештај за реализација на Програмата за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2020 година;
10. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 14, Дел од Блок 14.8, ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, Општина Кавадарци , плански период 2020-2025;
11. Предлог-Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план за ГП 17.57 Урбанистички План за село Сопот КО Сопот Општина Кавадарци (донесен со Одлука бр.08-3604/20 од 10.07.2019 година) ;
12. Извештај за спроведени управни постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградени објекти со намена на земјиште;
15. Предлог-Одлука за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци;
16. Извештај за реализација на Програмата за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2019 година и 2020 година;
17. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2021 година;
18. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци ;
19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните

односи во врска со судски предмет ВПП.бр.55/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

20. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.62/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
22. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.65/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
23. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.54/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
24. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 61/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
25. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.59/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
26. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.63/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
27. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.64/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

**Точка 28 СЕ ИЗЗЕМА понатаму редоследно се менува бројот на точките;**

28. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење

на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;

29. Предлог-Одлука за примање на движна ствар – патничко моторно возило (Мерцедес) од Агенција за управување со одземен имот-Скопје ;
30. Предлог-Одлука за примање на движна ствар-товарно моторно возило(Фолсваген)од Агенција за управување со одземен имот-Скопје и давање на трајно користење без надомест на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ,, Кавадарци,;
31. Предлог-Одлука за примање на движна-ствар-1 комплет/сет спасувачки систем од Дирекција за заштита и спасување и давање на трајно користење без надомест на Територијална противпожарна единица – Кавадарци, ;
32. Предлог-Одлука за примање на движна-ствар -1 комплет /сет воздушни перници од Дирекција за заштита и спасување и давање на трајно користење без надомест на Територијална противпожарна единица - Кавадарци ,;
33. Предлог-Одлука за примање на движна ствар – патничко специјално моторно возило од ЈЗУ,,Општа Болница со проширена дејност,, Кавадарци и давање на времено користење без надомест на Територијална противпожарна единица – Кавадарци,;
34. Предлог-Одлука за примање донација материјално добро-метални столбови за тротоари од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;
35. Предлог-Одлука за примање донација материјално добро-техничка документација проекти за инфраструктура, градежен и основен сообраќаен проект од Друштво за услуги, трговија и производство "ВЕЛКОМ ТРЕЈД" ДООЕЛ Кавадарци;
36. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (опожарени објекти);

37. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
38. Изменување и дополнување на Годишен финансов План на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
39. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;
40. Извештај со арх.бр.0202/2 од 05.12.2020 година за активностите на КСП Подиум-Јадро Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;
41. Изменување и дополнување на Финансов план за работа на КСП Подиум-Јадро Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;
42. Предлог-Одлука за субвенционирање на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;
43. Извештај за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2020 година;
44. Програма за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2021 година;
45. Предлог-Одлука за давање согласност на Информација со арх.бр.03-74/1 од 21.01.2021 година, донесена од пом. Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
46. Одлука со арх.бр. 02-64/5 од 20.01.2021 година, за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;
47. Одлука со арх.бр. 02-64/4 од 20.01.2021 година за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци,

донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

48. Одлука со арх.бр. 02-64/3 од 20.01.2021 година за усвојување на ценовник за одржување на сообракајни знаци и столбови на територијата на Општина Кавадарци и за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
49. Одлука со арх.бр. 02-64/2 од 20.01.2021 година за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
50. Одлука со арх.бр. 02-53/1 од 15.01.2021 година за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
51. Одлука со арх.бр.117/1 од 15.01.2021 година, за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
52. Измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2021 година ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесен од директорот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
53. Предлог-Одлука за ажурирање процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности;
54. Одлука со арх.бр.04-642/3 од 10.12.2020 година за отуѓување движни ствари, донесена од Училишен Одбор на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци;
55. Предлог-измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2021 година во Општина Кавадарци;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам**

**дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот“Регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара,,

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против ? Нема. Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 56**

Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот“Регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара,,

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Одлука за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Дали има против и воздржани? Не. Едногласно за .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 57**

Предлог-Одлука за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2021 година

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли против, воздржани? Не . Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 58**

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2021 година

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Одлука со арх.бр. 02-93/3 од 27.01.2021 за донација за остварување на проект од јавен интерес за АД Градски ракометен клуб Тиквеш 2014 Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Нема. Едногласно за .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 59**

- Одлука со арх.бр. 02-93/3 од 27.01.2021 за донација за остварување на проект од јавен интерес за АД Градски ракометен клуб Тиквеш 2014 Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

**Дали има  други предлози за измена и дополнување на  дневенот ред?**

Доколку нема ваквиот дневен ред го ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Нема. Едногласно за.

Одиме со точка  реден број 1

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година (4-ти Квартал);

Отварам расправа. Дали некој бара збор?Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани?Нема . Едногласно за .

2.Предлог-Одлука за утврдување на изгледот на фасади на колективни станбени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали бара некој збор? Не бара никој. Ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Нема . Едногласно за.

3.Предлог-Одлука за ко-финансирање на Проектот,, Реконструкција на водоводна линија за краци на улица ,,Илинденска,, крак на улица,,Маршал Тито,, со асфалтирање;

Отварам расправа. Дали некој бара збор?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Рики Претседателе .

РИСТО САКАЛИЕВ: Повели
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Сега не е на ваа точка . Покушав да се уклучам, него сакав да го питам Градоначалникот уште колку фасади ни останаа за, сега може не е за у ваа точка . Може надвор испаднав од точката . Уште колку има
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ќе отвориме расправа. Ќе даде Градоначалникот , ако нема друг
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Баш ме интересира уште колку фасади ни останаа за да се изреновират
РИСТО САКАЛИЕВ: Ајде директно ќе даде
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не успеав да се уклучам
РИСТО САКАЛИЕВ:Договорено колега. Те имав на телефон и тебе и Петар и така можеме да функционираме .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Сега сум на компјутерот не е проблем .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувана јавност да прашањето е многу добро, пошто ние малку зборуваме за оваа работа а мислам дека е од многу значителен карактер за целокупната општина и град Кавадарци
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не видливо е Градоначалниче . Луѓето коментират и воа е видлива работа и знаиш.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да. Јас би се навратил наназад во овие 3 години имаме некаде околку 20-тина фасади реконструирано во централното градско подрачје и епицентралното. Со овие сега што ни се наведени со целокупниот изглед на фасади со бројката од 20 згради завршуваме 99 % во целост со реконструкција на сите колективни станбени згради. Така да Кавадарци и сите колективни станбени згради коишто ги имаше уште од 80-те години, 70 –та , 90-та итн. коишто имаа потреба од освежување пошто беа во една завидна лоша ситуација со ова доколку успееме во оваа 21 година нормално најдиме изведувач соодветен 20 фасади завршуваме со сите фасади во Општина Кавадарци.Во целиот град, значи овде се опфатени фасади и надвор од централното градско подрачје и на самите влезови во градот, како што е на Блажо Алексов, на Цветан Димов , Беласица , оние старите

згради кај градинката ваташка, на улица Страшо Пинџур , на Иво Андриќ, Ленинова, Игман, Ѓуро Салај, значи буквално сите згради што ги имаме во Општина Кавадарци коишто имаат потреба за реконструкција на нивната фасада за да добие еден нов лик и градот, меѓутоа и целокупното колективно население, нормално има добар изглед на заедничкиот станбен простор кој што го поседуваат во Општина Кавадарци, така да со ова ги исцрпуваме сите фасади, здрави, живи, ако ете одиме сите втор мандат или било како, во нареден проект да стратешки на Општина Кавадарци е енергетиката во делот на промена на кровови, али тоа е веќе за нареден буџет од 2022 година оној кој што ќе го воде за да може стратешки да го развива тоа понатаки. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник за добрата информација. Колега дали е задоволителен одговорот на Градоначалникот?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Да, да.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам и на тебе.Одиме ако нема друг за дискусија со гласање по втората точка.

Има ли против и воздржани ? Нема . Едногласно за.

3.Предлог-Одлука за ко-финансирање на Проектот,, Реконструкција на водоводна линија за краци на улица ,,Илинденска,, крак на улица,,Маршал Тито,, со асфалтирање;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Дали имаме воздржани и против?Немаме .Едногласно за.

4.Предлог-Одлука за ко-финансирање на предлог регионален проект,,Инсталирање на мерни станици за СМАРТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО за општините Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија" ;

Колеги одиме со расправа.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Еве Ристе. Ваа пошто е за земјоделието, кај нас населението се баве со земјоделие и на луѓето баш ќе му биде потребна ваа информација да ни каже Градоначалникот за што точно станує збор.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги и ние сите така размислуваме. Градоначалник повели , ако сакате да дадете објаснување.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Кратко Градоначалниче, не мора, само да знаат луѓето за што станує збор.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да , да . Ова одлука ја носиме заедно со Општина Росоман, Општина Неготино и Општина Демир Капија. На наша инцијатива, значи заедно со Плански Вардарски Регион ние како општини, споменативе четири општини добиваме грант. Грантот ни е од 9 000 000 денари. Значи преку швајцарска агенција за финансирање. Значи 150 000 евра грант, којшто Општина Кавадарци направи анализа на таа работа . Со ова целокупното земјоделско земјиште во четирите општини кои што ги спомнавме Демир Капија, Неготино, Росоман и Кавадарци ќе ги покриеме со мерни станици и инсталирање на Смарт земјоделие. Тоа е еден голем напредок за земјоделието. Ќе биде централно инсталиран заедно со софтвер и со компјутер во Општина Кавадарци, каде што сите земјоделци со ажурирање на базата на податоците на земјоделци коишто ги имаме, на различен начин ќе добиваат информации, меѓутоа и во секој момент ќе можат да влезат во софтверот да си проверат. Што значи тоа? Тоа значи какви се ветровите, колку се температурите, колку
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Апликација ли ќе има некоја,Градоначалниче па да ја симнат?
ГРАДОНАЧАЛНИК: Молим?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ќе има ли апликација па да ја симнат на мобилни и на компјутер ?
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да комплет софтвер ќе има и апликација да ја симнат и да ги следат, а и ќе добиваат онлајн пораки во делот на нивното подрачје, каде што им

се наоѓа земјоделското земјиште. Значи ќе има апликација за лозарство .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Тоа што значи? Колку врне дожд на пример, ветер, минусни температури, плус такви ли работи ќе биде тоа?
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да сите податоци ќе ги добиваат онлајн, меѓутоа крајната цел на оваа работа е Смарт земјоделство да имаме ние агроном заангажиран стручен тим каде што во секое подрачие примерно во Сопот , во Марена , не знам во Возарци или Демир Капија во тој атар на земјоделското земјиште дадиме стриктни насоки со какви заштитни средства  и со какви пестициди треба да праскаат во даден момент за тоа што според временските услови, приликите и температурите овие станици софтверски ќе ни ги даваат тие можности за да не прскаат односно да не прават заштитни трошкови земјоделците непотребно, што се вика на памет, него едноставно ги добијат тие информации онлајн во овие мерни станици. Ова е видлива работа. Вакви мерни станици, јас морам да потенцирам и да кажам дека еден од најсериозниот наш производител на грозје, а тоа е компанијата Гоце Делчев има инсталирано  и верувајте дека кај што ги имаат инсталирано  мерните Смарт станици за земјоделие имаат 30 – 40 % заштеда на препарати за заштита при земјоделието.Што значи тоа?Тоа значи дека никогаш непотребно нема потреба да се прска, а во даден момент заштита ја правиш со  одредена ситуација кадешто ќе го заштитиш и производот . Ова е перспектива затоа што ако сакаме да имаме квалитетно грозје, квалитетно вино, а тоа е нашата определба на Кавадарци и на друзите региони како Тиквешија, мора да имаме што помалку употреба на пестициди и помалку употреба на непотребни средства за да добиеме поквалитетно и грозје и вино, а и тоа да го докажиме контролирано во овој дел. Така да јас тука би изразил една голема благодарност и до Планскиот Вардарски Регион меѓутоа, и до Швајцарската агенција за финансирање, каде што 150 000 евра ни даваат донација, а остатокот од  милион денара ќе биде обезбеден од сите

други општини, така да нашата сума е 450 000 денари и техничката документација која што треба да ја спремаме. Благодарам.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Градоначалниче еве многу добра работа и од мене една препорака до вас и до службите ваши, за ваков проект мислам дека требе службите максимално да ги информираат граѓаните за оваа работа.Значи ...ова добро, луѓето ќе си зашпараат и средства и нафта и ќе му останат и повеќе пари. Луѓето треба да бидат запознати, мислам многу у ваа работа, земјоделците .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Така покрај тоа што го спомнавте дека ќе заштедат и средства и пари, они ќе добијат и многу поквалитетен производ во даден момент .Меѓутоа ова ќе го правевме заедно со Здружението на производители на лозарство, заедно со производителите на вино и Општина Кавадарци ќе формира тело кое што заедно со Министерството за земјоделие и Подрачната Единица преку базата на податоци, кои што ги има за производство, ние преку здружението, преку винарствата, преку Министерството ќе ги информираме сите комплет и можеме да бидеме еден добар пример, европски пример за заштита на земјоделието.Благодарам.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Еве уште едно и да не бидам досаден виќе . Градоначалниче имаме Вински Музеј, ете и таму вработените може да се ангажираат околу ова, да му кажуваат на посетителите, на земјоделци, сите што ќе го посетат Музејот дека Општина Кавадарци го има и воа Смартот, што го правиме сега . Така да бидат запознати луѓето, тоа ми е поентата, луѓето да го знаат воа дека ќе го има во Кавадарци . Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник и вас како колега .Одиме со дискусии. Ако нема друг одиме со гласање. Има ли против, воздржани?Нема. Едногласно за.

5.Предлог-Одлука за давање согласност за спогодбено раскинување на Договор за набавка на моторни бензини и дизел гориво бр.19-5189/8 од 01.12.2020 година;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани и против? Нема . 19 за.

**6.Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите Општина Кавадарци**;

Отварам расправа.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Може ли за две минути на кратко мислам
РИСТО САКАЛИЕВ: Ако не бара никој збор ја замолуваме Претседателката на Комисијата Виолета Димитрова да даде образложение .Повели колешке.
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Јас го поздравувам Градоначалникот, Претседателот на Советот и сите присутни и во кратки црти само за Годишниот Извештај, Локалниот Акционен План и Програмата на Комисијата за еднакви можности. Со оглед на ситуацијата заради Ковид состојбата во нашата држава, нашите активности беа ограничени во претходната година, меѓутоа Планот и Програмата за наредната година во кратки црти се следени: водење на родово еднаква статистика за вработените во општинските институции, заштита и спречување на дискриминацијата во воспитно – образовниот процес, основните систематски прегледи и анализи за превентивно откривање на болести кај жени и мажи за социјално-ранливи категории во Општина Кавадарци, потоа обука за внесување на родова перспектива во локалната средина, изработка, печатење и промоција на стратегија за развој на Општина Кавадарци, како и жената и социјалната заштита.Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Кавадарци и координаторот за еднакви можности ќе го следат текот и динамиката на спроведувањето на Акциониот План преку Годишната Оперативна Програма и

ќе даваат свои оценки и предлози за неопходните промени се со цел на постигнување на утврдените цели. Извештаите ќе бидат проследени до Советот на Општина Кавадарци, до Градоначалникот на Општина Кавадарци, како и до Министерството за труд и социјала на Република Северна Македонија. Се ќе биде со цел и во насока за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности за жените и мажите, како и обезбедување на континуирано унапредување на статусот на жените во Општина Кавадарци. Сакам да ве известам јавноста ,советниците дека на 21. 01. 2021 година беше одржан Првиот онлајн состанок со организацијата ‘Ни женски леки’ за покревање на политики и буџетски иницијативи, следење и спроведување на локалните акциски планови за родовата еднаквост.Меморандумот за соработка беше потпишан од страна на нашиот Градоначалник. Му благодарам за несебичнната подршка, а целни групи во проектот ќе бидат граѓанските организации кои застапуваат мажи и жени од маргинализирани групи од рурални средини, жртви на насилство,Роми и екстремно сиромашни луѓе. На 17 состаноци низ дебати за политики, буџетски форуми, 750 вклучени граѓани и 17 Општини вклучуваат финансии од х Буџет Програма. Мислам дека ќе имаме добра финансиска подршка и ќе ги искористиме понудените ресурси од страна на оваа организација.Уште еднаш благодарам на Градоначалникот и на Комисијата за еднакви можности, како и на Кординаторот за несебичното залагање да успееме .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке, ако нема друг за збор одиме со гласање. Има ли воздржани и против?Нема . Едногласно за.
Точка 6 ја усвоивме. Одиме број 7.

7.Локален акционен план и програма на Комисијата за родова рамноправност за 2021 година;

Колеги отварам расправа. Има ли потреба ?

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Акциониот план и програма е пуштен на мејлот на сите.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке.
Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно за.

8.Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во обласста на спорт и млади во 2020 година ;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор ја ставам на гласање. Кој е против и воздржан? Нема. Едногласно за.

9.Извештај за реализација на Програмата за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2020 година;

Колеги отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Дали има против и воздржани? Не. Едногласно за.

10.Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 14, Дел од Блок 14.8, ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, Општина Кавадарци, плански период 2020-2025;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.Има ли воздржани, против? Нема. Едногласно за.

11.Предлог-Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план за ГП 17.57 Урбанистички План за село Сопот КО Сопот Општина Кавадарци (донесен со Одлука бр.08-3604/20 од 10.07.2019 година) ;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не.Одиме со гласање. Против и воздржани дали има? Нема. Едногласно за.

12.Извештај за спроведени управни постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Доколку нема за збор Претседателот на Комисија колегата Јосо Стојанов да го прочита Заклучокот од Комисиската расправа од вчерашниот ден. Колега повели.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: После јас сакам збор Ристе.
РИСТО САКАЛИЕВ: Колегата нека прочита, после вие. Јосиф повели. Јосиф не си уклучен. Зборуваш, ама немаш глас, понови.Уклучи се немаш глас. Јосиф те замолуваме повторно, немаше глас.

ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Само момент.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ајде поново Јосиф. Немавте глас.
ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Ајде момент. Момент.
РИСТО САКАЛИЕВ: Може чекаме. Ајде.Може.
ЈОСИФ СТОЈАНОВ: На вчера одржаната Комисија за урбанизам, а врз основа на член 87 од Статутот на Општина Кавадарци, член 130 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци и расправајќи по Извештајот за споведени управни постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти доставен од страна на Секторот за комунални работи урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина Комисијата за урбанизам му предлага на Советот на Општина Кавадарци да ги донесе следните заклучоци:

1. Се усвојува Извештајот за споведени управни постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти доставени од страна на

Секторот за комунални работи урбанизам сообраќај и заштита на животна средина.

2. Се задолжуваат Комисиите формирани за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти да постапат по доставените барања од имателите на бесправно изградени објекти и доказите за приклучок на комуналната инфраструктура или сметка за јавна услуга, мислам струја, вода, а доклку бесправниот објект нема инфрастуктурни приклучоци да достават Изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност со која Барателот ќе потврди дека бесправно изградениот објект е изграден пред стапување на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти со што барателите ќе ја преземаат на сопствена одговорност дека бесправно изградениот објект за кој е поднесено барање е изграден пред влегување во сила на Законот.
3. Сателитските снимки не се докази кои што се бараат во Управната постапка и да не се постапува по нив.
4. Заклучоците влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во 'Службен Гласник 'на Општина Кавадарци.

Тоа е Ристе.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колега благодариме . Лазар дали после овие заклучоци имаш збор? Имаш.Повели.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Кратко. Благодарам Претседателе, Почитуван Градоначалниче многу добар Заклучок од вчерашната Комисија. Еве сега еден апел ќе упатам, гледам РТК, Марјан новинарот е тука, КТВ сигурно се тука . Овој Заклучок да го истакнат јавно на нивните медиуми ако може. Значи прекрасен Заклучок. Ни како советници, еве овие 3 години, јас сум се соочил со доста луѓе коишто викат дека Гугл ерцег гледа.... е у третиот Заклучок од Комисијата од вчера и се надевам дека ќе го изгласаме овој Заклучок вика сателитските снимки не се доказ кој што се бара во Управната постапка и да не се постапува по нив. Значи за граѓаните

да знаат, пак ќе кажам новинарите да си ја преземат улогата да ги обавестат граѓаните на Кавадарци по наше дека Гугл ерт не е задолжителен за легализација на овие објекти и да знаат граѓаните од сега наваки дека Гугл ерт не треба да биде влезен у воа, мислам дека многу добар Заклучок.Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колега.
Колеги одиме со расправа.Друг ако нема, точката ја ставам на гласање. Дали има воздржани и против? Нема.Едногласно 19 за.Благодарам.

13.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Колеги отварам расправа. Доколку нема никој за збор, точката ја ставам на гласање. Дали има воздржани и против?Нема. Едногласно за.

14.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградени објекти со намена на земјиште;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Нема. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Не.Едногласно за.

15.Предлог-Одлука за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против?Нема. Едногласно за.

Колеги само ради јавноста и ради младите популации Градоначалникот го замолуваме да даде кратко образложување околу овој проект.Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани со оглед на тоа дека се покажа дека Општина Кавадарци како добра општина во делот на подигање на зелени површини. Еве оваа година во Програма имаме за подигање нов парк до споменикот на Ќиро Крстев од 4000 квадрати. Општина Кавадарци има таргет оваа година да подигне нова зелена површина од 20.000 метри квадратни.Општина Кавадарци има по план оваа година да ја продолжи реконструкцијата на градскиот парк Мишо Шкартов накај јужниот дел кој што остана. Тука би го напомнал и оваа Одлука која што ја донесовте за уредување и опремнување на детски игралишта во Општина Кавадарци. Со оглед на месните урбани заедници кои што ги имавме и разговорите со нив, Општина Кавадарци одвои буџет од речиси 12 000 000 денари за опремување на 10 локации делумно нови, делумно постоечки локации за опремување со детски игралишта. Тие ги распоредивме по сите месни заедници, јас би ги потенцирал на кратко значи на улица Црноречка, бул. Никола Минчев, улица Брушанска, Бел Камен, населба Цветан Димов, во склоп на индустриското средно училиште, населба Глишиќ ново игралиште, село Возарци во склоп на детската градинка и основното училиште село Дреново и сето тоа по локации ќе го заокружиме со една добра изградба на едни катчиња за деца, кои што ќе можат да го поминуваат своето слободно време во едни уредени, безбедни детски катчиња каде што нормално во склоп со нивните родители ќе имаат убаво детство и убави спомени. Така да мислам дека оваа инвестиција во уредувањето на детските игралишта во Општина Кавадарци е од големо значење пред се за нашата млада генерација, меѓутоа и за сите жители. Благодарам уште еднаш за подршката. Сакав да биде и јавно и танспарентно дека детските локации се распоредени и по селските средини, меѓутоа и во градското подрачје Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Одиме со точка број 16.

16.Извештај за реализација на Програмата за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2019 година и 2020 година;

Колеги дали има некој за збор? Нема. Воздржани и против дали има?Нема. Едногласно 19 за.

17.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2021 година;

Дали некој бара збор?Не бара никој. Одиме со гласање.Воздржани и против нема.19 за.

18.Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци ;

Отвараме расправа.Дали бара некој збор? Нема за збор. Одиме со гласање. Воздржани и против нема.Едногласно за.

19.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.55/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање.19 за.

20.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање. 19 за.

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Претседателе откога ќе ги исчиташ виа судските спогодби сакам една информација да даде Градоначалникот.Мислам дека ни сме Совет, а он Градоначалник што има склучено најмногу судски спогодби. Сакам заради јавноста да знае до сега Општина Кавадарци у неговиот мандат и у нашиот како советници колку до сега вонсудски спогодби се имат направено.Благодарам. Ако може.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колега овие сега тука може да ги образложе, инаку треба да враќаме сите седници наназад, ни треба време .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Не,не информативно. Значи не мора за сега, нека биде за другата седница.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ај нека биде за другата седница колеги, за да можат службите да спремат материјал, да не одиме у заблуда.
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам и на вас.

21.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.62/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Нема расправа. Одиме со гласање. 19 за.

22.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.65/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање. Нема против, воздржан. 19 за.

23.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во

врска со судски предмет ВПП.бр.54/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање. Нема воздржани и против. Едногласно за.

24.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 61/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање. Нема воздржани и против. Едногласни сме сите за.

25.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.59/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме колеги со гласање. Нема воздржани и против. Едногласни сме за.

26. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.63/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање. Дали има воздржани и против?Не. Едногласни и овде.

27.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.64/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Одиме со гласање. Нема воздржани и против.Едногласни за.

28.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса;

Колеги отварам расправа.Доколку никој не бара збор, го повикуваме Градоначалникот, го замолуваме да даде објаснување ради граѓаните. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани на барање на "Здружени угостители" односно "Тиквешки угостители Кавадарци", и јас како Градоначалник и вие како Совет, вклучувајќи дека минатава година дека имавме тешка година за угостителството и за други сектори, знаете дека донесовме одлуки лани, каде што комплетно во некој момент беа ослободени од јавните површини за време на неработењето на самите угостителски објекти и после тоа имавме уште една Одлука, каде што на 31.12.2020 со 50 % надомест ги ослободивме. Исто оваа Одлука за информација на јавноста и на угостителите и за нивна подршка значи од 01.01.2021 до 31.03. до крајот на месецот ќе бидат ослободени 50 % од надоместокот кој што го плаќаат за јавна површина.Ова не е мала помош во делот на јавните површини, затоа што некаде наши анализи кои што ги правевме целокупната сума изнесуваше над милион денари, така да со 50 % подршка мислам дека ќе помогнеме делумно на угостителството. Угостителството во Кавадарци, јас еве јавно ги повикувам сите угостители, макар и граѓаните да си ги почитуваат мерките и протоколите во делот на Ковид 19, да гостите и сите посетители бидат максимално безбедни во самиот угостителски објекти, да не се штеди на оние средства за дезинфекција и да не се прекршуваат портоколите од 4 луѓе на маса повеќе според капацитетите, затоа што и сами знаеме Кавадарци долг период немаше ниту еден заболен. Општина Кавадарци заедно со целокупните служби, јавните претпријатија, образовниот систем,советници одржувавме редовно седници, одржувавме кризни

штабови, каде што носевме квалитетни и добри мерки, правевме дезинфекции, правевме уредување на целокупните акти, меѓутоа со самото подигање на пандемијата се издигнавме до една висока граница на заболени .Јас сум убеден и уверен како граѓани и како угостители и како целокупно население, доколку малку повеќе се погрижиме во делот за нашето здравје и за здравјето на луѓето, дека тоа може да се симне на пониско ниво, а сето тоа ќе придонесе за поквалитен и за подобар живот особено за луѓето во Општина Кавадарци меѓутоа и во целата држава. Тука мора да потенцирам,да кажам дека Министерството за здраство при "Општата Болница со проширена дејност "од пред два дена почна да ја монтира Ковид болницата, за три до четири недели ќе биде комплетно завршена, макар што од тоа немаме потреба, гледав коментари некои на интернет кај што викаат зошто ја монтирате пандемијата завршува итн.Не.Тоа е инвестиција од траен карактер. Таа болница ќе биде во идно време Инфективно одделение, така да ако нема Ковид, дај боже да заврши побрзо,инфекциите секогаш постојат, инфективното одделение треба да е посебно од самата болница и тука знаете и онаа одлука која што компанијата "Кожувчанка " ја донесе за донација преку Фондацијата "Никола Јанчев" комплетно ќе ја опремиме Ковид болницата и операционите сали со централен кислород во делот на болницата. Така да мислам дека простор за паника нема, меѓутоа сакам да укажам на дистанца, на чување на луѓето и на укажување на припазување на оние мерки кои што ги има за да не дојдиме до ситуација пак да се зголемуваат бројките. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник за иницијативата и благодариме на компанијата за акцијата за опременување на болницата. Колеги ако нема никој за збор за точката .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Ристе у контекст на ова, за компанијата "Кожувчанка", еве вака да знаат и советниците, да знаат и граѓаните на Општина Кавадарци кога беше земјотресот во Петриње, у Република Хрватска колку што знајте сите Макарска и Општина Кавадарци се збратимени градови или хрватски што ги викат градови пријатели, Општина Кавадарци и Градоначалникот и неговата компанија 'Кожувчанка' беа први, први што донираа помош за Република Хрватска. Градоначалникот мислам дека доби и Благодарница за тоа, доби Советот Благодарница од Градоначалникот на Макарска г-динот Јуреј Бркан. Така да тоа беше една акција меѓу мене и Градоначалникот у касните ноќни саати и тебе Претседателе, мислам дека се покажаме на дело и како град и како Совет и како луѓе и како Градоначалник, јас сум често у контакт со Макарска и Градоначалникот е у контакт, он малце на повисоко ниво, така да луѓето се крајно благодарни за нашиот гест.Уште еднаш благодарност до Градоначалникот, до компанијата негова и до Советот. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колега благодариме и на вас.Изјавите на благодарност се пренесени во комплет од Хрватска. Тие се благодарни на односот на нашата држава и на нашата општина, посебно на Градоначалникот на компанијата "Кожувчанка". Ние уште еднаш да им се заблагодариме.

Ако нема друг за дискусија да одиме со гласање.Дали има против, воздржани?Нема. Едногласно за.

29.Предлог-Одлука за примање на движна ствар – патничко моторно возило (Мерцедес) од Агенција за управување со одземен имот-Скопје ;

Дали има некој за збор?Не. Одиме со гласање. Нема воздржани и против. Едногласни сме и овде.

30.Предлог-Одлука за примање на движна ствар-товарно моторно возило(Фолсваген)од Агенција за управување со

одземен имот-Скопје  и давање на трајно користење  без надомест на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ,, Кавадарци,;

Колеги отварам расправа. Никој не бара збор. Одиме со гласање. Нема воздржани и против. Едногласно 19 за.

31.Предлог-Одлука за примање на движна-ствар-1 комплет/сет спасувачки систем од Дирекција за заштита и спасување  и давање на  трајно користење без надомест на Територијална противпожарна единица – Кавадарци,  ;

Одиме со расправа. Не бара никој збор. Давам на гласање.Нема воздржани и против. Едногласно 19 за.

32.Предлог-Одлука за примање на движна-ствар  -1 комплет /сет воздушни перници од Дирекција за заштита и спасување и давање на  трајно користење без надомест  на Територијална противпожарна единица - Кавадарци ,;

Отварам расправа. Никој  не бара збор. Точката ја ставам на  гласање.19 за . Благодарам.

33.Предлог-Одлука за примање на движна ствар –патничко специјално  моторно возило од ЈЗУ,,Општа Болница со проширена дејност,, Кавадарци и давање на времено користење без надомест на Територијална противпожарна единица – Кавадарци,;

Колеги отварам расправа. Никој не бара збор.Градоначалникот за мало презентирање на добрата намера на Општата Болница Кавадарци. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани јас би ја  искометирал точка 29, точка 30, тука Општина Кавадарци на барање наше од Агенцијата за одземени ствари доби Мерцедес Б класа патничко моторно возило за Инспекциските служби на Општина Кавадарци  и доби товарно моторно возило

Фолсваген, кое што го даваме на “ЈП Паркинзи Кавадарци”. Овие две возила ќе бидат во функција, на едното на инспекциската служба на сообраќајот на Општина Кавадарци, а другото на “ЈП Паркинзи”. Тука сакам една голема благодарност и до Владата, меѓутоа и до Дирекцијата за одземени предмети, пошто со двете возила фактички ние доста заштедуваме, не инвестираме во делот на купување на возила. Исто така сакам да се заблагодарам и на Дирекцијта за спасување и заштита за несебичната подршка за нашата Териториjална противпожарна единица во Кавадарци за давањето на овие спасувачки системи од Дирекцијата како сетови, воздушни перничиња, макази и другите работи и мораме да потенцираме, да кажам дека нашата Противпожарна единица можам слободно да кажам дека е една од најдобрите во целата држава. Тука би сакал една голема, голема благодарност пред се да искажам и до Дирекцијата за ваквата подршка, меѓутоа и до Командирот на Противпожарната единица, меѓутоа и на сите пожарникари, кои што ги имаме на број 27, за нивната несебична и неуморна работа. И сами знаете кога беше пожарот во Струмица, во Глобал нашите пожарникари успеаа да бидат меѓу првите кои што стигнаа таму, несебично на повик дојдоа од дома и за саат и петнаесет минути беа во Струмица со целокупна опрема да помогнат.Уште еднаш благодарност до нив, до нивните семејства затоа што за мене пожарникарството и секоја униформирана работа е хумана работа и треба да се цени. Исто така да се заблагодарам на Општата Болница за давањето на возило специјално. Тоа е едно возило Лада Нива кое што не го користеше Општата болница, го оспособивме, го земавме да биде за Противожарната единица Кавадарци. Така да еве една благодарност до сите институции, до Владата, до пожарникарите и едно уверување до нашите граѓани дека недај боже да имаме немили настани , меѓутоа нашата Противпожарна единица е спремна на највисоко ниво.Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги ако не бара никој збор одиме со гласање со точка 33. Нема воздржани, нема против. Едногласни.

34.Предлог-Одлука за примање донација материјално добро-метални столбови за тротоари од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Одиме со гласање. 19 за. Благодариме на компанијата .

35.Предлог-Одлука за примање донација материјално добро-техничка документација проекти за инфраструктура, градежен и основен сообраќаен проект од Друштво за услуги, трговија и производство "ВЕЛКОМ ТРЕЈД" ДООЕЛ Кавадарци;

Одиме со гласање. Нема воздржани и против, едногласно 19 за. Благодариме и на "Велком Трејд".

36.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (опожарени објекти);

Давам на гласање. Нема воздржани и против.19 за.

37.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор.Точката ја ставам на гласање . Нема воздржани и против. Едногласно 19 за.

38.Изменување и дополнување на Годишен финансов План на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани и против?Нема . Едногласни сме сите за.

39.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Винcки Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Има ли воздржани и против? Не. Едногласно 19 за.

40.Извештај со арх.бр.0202/2 од 05.12.2020 година за активностите на КСП Подиум-Јадро Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против?Не. Едногласно 19 за.

41.Изменување и дополнување на Финансов план за работа на КСП Подиум-Јадро Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не. Ја ставам на гласање. Нема воздржани и против. 19 за.

42.Предлог-Одлука за субвенционирање на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Кој бара збор?Никој. Давам на гласање. Едногласно 19 за .

43.Извештај за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2020 година;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање.Има ли воздржани и против? Не. Едногласно 19 за.

44.Програма за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2021 година;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор.Точката ја ставам на гласање.Нема воздржани, нема против. 19 за.

45.Предлог-Одлука за давање согласност на Информација со арх.бр.03-74/1 од 21.01.2021 година, донесена од пом. Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара нокој збор.Точката ја ставам на гласање.Нема против, нема воздржани. 19 за.

46.Одлука со арх.бр. 02-64/5 од 20.01.2021 година, за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

Отварам расправа. Не бара никој збор.Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани и против.19 за.

47.Одлука со арх.бр. 02-64/4 од 20.01.2021 година за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

Отварам расправа. Не бара никој збор.Точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани и против?Нема. 19 за.

48.Одлука со арх.бр. 02-64/3 од 20.01.2021 година за усвојување на ценовник за одржување на сообраќајни знаци и столбови на територијата на Општина Кавадарци и за одржување на урбана опрема на територијата на

Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор.Точката ја ставам на гласање. Дали има воздржани и против? Нема. 19 за.

49.Одлука со арх.бр. 02-64/2 од 20.01.2021 година за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани, нема против. Едногласно за.

50.Одлука со арх.бр. 02-53/1 од 15.01.2021 година за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани, против. 19 за.

51.Одлука со арх.бр.117/1 од 15.01.2021 година, за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани, против. 19 за.

52.Измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2021 година ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесен од директорот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани, против. 19 за.

53.Предлог-Одлука за ажурирање процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности;

Отварам расправа. Колеги немате никој збор. Точката ја ставам на гласање. 19 за.

54.Одлука со арх.бр.04-642/3 од 10.12.2020 година за отуѓување движни ствари, донесена од Училишен Одбор на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор.Одиме со гласање. Нема воздржани, против. 19 за.

55.Предлог-измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2021 година во Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор?Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани, против? Нема. 19 едногласно за.

56.Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот"Регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара,,

Колеги отварам расправа. Нема за збор. Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани и против. Едногласно 19 за.

57.Предлог-Одлука за давање согласност за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и Општина Кавадарци – корисник Центар за управување со кризи Кавадарци со недвижни ствари сопственост на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Нема воздржани и против. 19 за.

58.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2021 година Дали бара некој збор? Не бара никој. Точката ја ставам на гласање. 19 за.

Одлука со арх.бр. 02-93/3 од 27.01.2021 за донација за остварување на проект од јавен интерес за АД Градски ракометен клуб Тиквеш 2014 Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Никој не бара збор. Одиме со гласање. 19 за.

Колеги со ова е исцрпен Дневниот ред. Ви благодарам . Градоначалник дали барате обраќање или да затвараме?

ГРАДОНАЧАЛНИК: Па јас само би ги поздравил колегите советници. Благодарам на целокупната дискусија и одржаната седница. Да посакам еве успех и понатаки оваа година ни е последна од мандатот, од овој мандат, така да треба уште повеќе да сработиме и во интерес на луѓето да тоа го сооглeдаат. Мислам дека овие три години, работа макотрпна се исплати целата ситуација, така да очекувам понатки да имаме уште поплодна, подобра соработка, нормално и продолжување на кариерите на многу луѓе околу нас заедно со службите. Се во интерес на граѓаните. На овој Дневен ред од 51 Седница мислам дека се донесија добри точки. Точките во делот на развојот на Општина Кавадарци, точки во делот на она што ќе ни значи иднина за Општина Кавадарци и добро е прашањето кое што го постави советникот Туриманџов, колку имаме до сега донесено спогодби во делот на експропријација на имот во Општина Кавадарци. Јас само едно можам, нека биде задолжение ова за службите да извадат точно вклучувајќи и ова седница колку имаме донесено спогодби.Ја мислам дека со нашето функционирање тригодишно и како Градоначалник и како Совет дека 98 %

ги решаваме спогодбено сите експропријации коишто Општината во тој дел ја кошта многу поефтино, луѓето не се малтретираат, не одиме во управни и судски постапки и нормално со тоа не се прават дополнителнин трошкови за непотребни такси, адвокати и други трошкови, пошто сепак Општината го застапува она што значи јавен интерес, а граѓаните. Треба да се свесни за таа работа дека јавниот интерес се гради заеднички. Претходно спогодбите воопшто не биле пракса да се практикуваат, еве вака на Совет да се прават некои спогодби, меѓутоа наша перцепција и одлука е дека ова е правиот пат кога со граѓаните има спогодба. И со граѓаните експропријациите ги завршуваш во побрзен можен рок, на обострано задоволство и на јавен интерес.Благодарам. Имајте убав викенд, па се гледаме на наредна седница .Се надевам дека .., ако малку пандемијата ни стише, за да можеме да имаме поплодни и подобри дискусии. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам Градоначалник. Ние секогаш посакуваме да ни бидат онлајн седниците оваа последна, оваа последна, се надеваме дека ова ќе биде стварно последна Градоначалник. Благодарам на колегите и со ова ја затварам 51 Седница.

Изработил Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев